Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-429/3
21.10.19 год./viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 5 став 3, 4 и 5 од Законот за Јавни претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 21.10.2019 година ја донесе следнава:

# **ОДЛУКА**
## **за усвојување на Деветмесечниот Извештајот од работењето на ЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.01.2019 до 30.09.2019 год**

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука усвојување на Деветмесечниот извештајот од работењето на ЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.01.2019 до 30.09.2019 год.

***Член 2***

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до Градоначалникот на Град Скопје и Советот на Град Скопје заради добивање на согласност и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Град Скопје.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 21.10.2019 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Марија Георгиевска

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-429/3
21 10 2019 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ

## За работењето на ЈП Градски Паркинг-Скопје за перид 01.01-30.09.2019 година

# ВОВЕД

Во третиот квартал од годината, ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари позитивен финансиски резултат – добивка на износ 22.896.790,00 денари.

Приходите заклучно 30.09.2019 година изнесуваат 163.307.244,00 денари.

Расходите се на износ 140.410.454,00 денари.

Составен дел на овој Извештај е Биланс на успех и Биланс на состојба.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2019 ГОДИНА

| *ПРИХОДИ – кл. 7* | *2019 ГОДИНА* | *2018 ГОДИНА* |
|---|---|---|
| | | |
| *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА* | 127.146.043,00 | 109.489.378,00 |
| | | |
| *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК* | 18.929.161,00 | 18.388.289,00 |
| | | |
| *ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА РАСХОД* | 0.00 | 4.503.00 |
| | | |
| *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ* | 17.056.186,00 | 18.171.425,00 |
| | | |
| *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ* | 175.854,00 | 215.987,00 |
| ***ВКУПНО ПРИХОДИ:*** | **163.307.244,00** | **146.269.582,00** |

| *РАСХОДИ – кл. 4* | *2019 ГОДИНА* | *2018 ГОДИНА* |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| *ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ* | 7.393.551,00 | 9.588.051,00 |
| | | |
| *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ* | 33.825.079,00 | 26.397.892,00 |
| | | |
| *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ* | 85.135.861,00 | 76.781.264,00 |
| | | |
| *ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА* | 8.198.616,00 | 7.580.110,00 |
| | | |
| *ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ* | 5.817.842,00 | 6.509.205,00 |
| | | |
| *ВРЕДН.УСОГЛАС. НА НЕТЕК. И ТЕКОВ.СРЕДСТВА* | 0,00 | 23.790,00 |
| | | |
| *ОСТАНАТИ РАСХОДИ* | 34.511,00 | 60.798,00 |
| | | |
| *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ* | 4.994,00 | 6.312,00 |
| ***ВКУПНО РАСХОДИ:*** | **140.410.454,00** | **126.947.422,00** |

## *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

| *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ* | *2019 ГОДИНА* | *2018 ГОДИНА* |
|---|---|---|
| | | |
| Вкупно приходи | **163.307.244,00** | **146.269.582,00** |
| Вкупно расходи | **140.410.454,00** | **126.947.422,00** |
| Добивка | **22.896.790,00** | **19.322.160,00** |

# *ПРИХОДИ*

Приходите за период 01.01- 30.09.2019 година изнесуваат 163.307.244,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 127.146.043,00 ден.
- Сектор Пајак 18.929.161,00 ден.
- Останати приходи 17.056.186,00 ден.
- Финансиски приходи 175.854,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

44.720.169,00 ден. Приходи од затворени паркиралишта
68.994.050,00 ден. Приходи од зонско паркирање
13.431.824,00 ден. Приходи од катни гаражи

Приходите од паркирање во истиот период 2018 година изнесувале:

38.312.616,00 ден. Приходи од затворени паркиралишта
59.609.525,00 ден. Приходи од зонско паркирање
11.567.237,00 ден. Приходи од катни гаражи

Во споредба со минатата година, приходите кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени за 17.656.665,00 денари.

Кај затворените паркиралишта се забележува дека приходите се зголемени за околу 16,72% односно, во апсолутен износ за 6.407.553,00 денари.

Пораст на приходите е забележан речиси на сите јавни паркиралишта, со исклучок на паркиралиштата „Градска болница".Највисок пораст на приходите има јавното паркиралиште „Клинички центар Мајка Тереза" што се должи на зголемување на цената на месечната претплата за услугата паркирање кај категоријата корисници „вработен кај правен субјект" од 300,00 на 800,00 денари. И покрај зголемување на цената на услугата, не е намален интересот за користење на услугата, бројот на корисници останува речиси ист оттука, и приходите на ова јавно паркиралиште се најзабележителни.

Кај зонското паркирање јавното претпријатие бележи пораст на приходите по сите основи: месечни претплати, продажба на греб картички, смс паркирање како и од издавање доплатни билети. Во споредба со минатата година приходите се зголемени за 15,74% односно, за 9.384.525,00 денари. Потсетуваме дека кај зонското паркирање станарите во централното градско подрачје се ослободени од плаќање на услугата за прво возило додека пак станарите во општина Аердором се целосно ослободени од претплата за паркирање.

Согласно изработените сообраќани проекти, информиравме дека во 2019 година, уредени и оспособени се две нови под зони:

1.1. подзона Б10 која се наоѓа пред административните простории на ЈП Водовод и канализација- Скопје и Царинската управа и опфаќа дел од ул. „Новопланирана", ул. „Загребачка" и ул. „Лазар Личеновски". На оваа јавна површина, постоечката сообраќајна сигнализација беше нецелосна и делумна. Со уредување и воведување на зонско паркирање се изврши измена на постојниот режим на динамичкиот и стационарен сообраќај при што се обезбедија 24 паркинг места за патнички возила.

1.2. Субзона Д2 се наоѓа во рамки на Општина Аеродром, во непосредна околина на ТЦ „Три Бисери" каде се уредени и оспособени 780 паркинг места.

Во рамките на тековното одржување на веќе постоечките паркинг површини , во соработка со Град Скопје спроведена е реконструкција на подзоните А3,А4,А5,Б2,Б3 и Д3 . Спроведено е нивно како и на останатите јавни паркиралишта со кои стопанисува претпријатието бележење. Информиравме дека беа спроведувани и активности за кастрење на гранки на подзона Д2.

Катната гаража „Беко" има реализирано приходи во висина од 8.000.951,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули" бележи приходи на износ од 5.430.873,00 денари. Во споредба со минатата година, приходите од стопанисување со катните гаражи се зголемени за 16,12% односно, за 1.864.587,00 денари.

Катната гаража „Беко" бележи поголеми приходи во споредба со катната гаража „26-ти Јули" заради својата местоположба односно, локација во строгиот центар на градот.Во однос на порастот на приходите мора да истакнеме дека катната гаража "26-ти Јули" бележи значително поголем пораст на приходите во споредба со катната гаража "Беко".

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

Вкупно остварениот нето приход во Сектор Пајак изнесува 18.929.161,00 денари и е поголем во споредба со минатата година за 540.872,00 денари. Заклучно третиот квартал од годината , наплатени се вкупно 12.056 возила. Во третиот квартал од минатата година, реализиран е приход на износ 18.388.289,00 денари односно, наплатени се 10.754 возила. Сметаме дека поголемиот приход на Сектор пајак се должи на континуираната соработка што ја има овој сектор со МВР.Секако дека и обновувањето на возниот парк во овој сектор со две нови специјални пајак возила има влијание на порастот на приходите.

Информиравме веќе дека реализирана е донација на едно специјално пајак возило за Општина Кавадарци. Воедно реализирана е во текот на месец август донација на специјлано возило и за Општина Струмица. Минатата година беа реализирани донации на три специјални пајак возила и тоа за потребите на општините: Куманово, Штип и Охрид.

Кон крајот на месец јули заклучно втората половина на месец август на барање на Општина Охрид и ЈП Комуналец од Охрид беше склучен договор за деловно техничка соработка со кој нашето претпријатие помогна на општинското претпријатие во расчистување на сообраќајниот метеж во градот Охрид. За таа цел подигнати се 291 возило за што бележиме приход на износ 165.968,00 денари.

## *ПРИХОДИ ОД ВЕЛОСИПЕДИ, ЕЛЕКТРОВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРОМОБИЛИ*

Во извештајниот период не бележиме приходи по основ издавање велосипеди, електровелосипеди и елктромобили.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

Во третиот квартал од годината остварени се останати приходи на износ 17.056.186,00 денари.

Истите произлегуваат од наплата на отпишани побарувања и обврски 162.287,00 денари; приходи од парични субвенции 15.000.000,00 денари; субвенции и донации дадени во опрема 1.644.658,00 денари; приходи од судски трошоци 125.322,00 денари; приходи од наплата на штети 86.178,00 денари како и други останати и вонредни приходи на износ 37.741,00 денари.

Субвенциите на износ од 15.000.000,00 денари претпријатието ги искористи заради целосно подмирување на обврската за комунална такса за 2018 година на износ 14.942.621,00 денари.

### *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. Заклучно месец септември бележиме приходи на износ 175.854,00 денари.

## *РАСХОДИ*

Расходите заклучно 30.09.2019 година се на износ 140.410.454,00 денари.

### *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

Материјалните трошоци во третиот квартал од годината изнесуваат 7.393.551,00 денари. Оваа група на трошоци, споредена со минатат година, е поомала односно, бележи пад за 2.194.500,00 денари.

Во оваа група трошоци спаѓаат: потрошни- помошни материјали и средства за чистење 171.899,00 денари, канцелариски материјали, фискални ролни и бар код хатртија, чип и греб картички 672.266,00 денари, електрична енергија и парно 3.454.338,00 денари, гориво 2.340.059,00 денари, инвентар, автогуми и ХТЗ опрема 754.989,00 денари. Речиси кај сите троошоци во оваа група бележиме незначителен пораст на трошокот во споредба со минатата година со исклучок на торшоците за канцелариски материјали, чип и греб картички, бар код и фискални ролни како и кај трошокот за инвентар и ХТЗ опрема.

Сметаме дека во најголем дел, падот на трошоци кај оваа група се должи на помали/намалени трошоци за ХТЗ опрема, во споредба со минатата година.

### *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци на износ 33.825.079,00 денари односно, бележиме пораст на трошоците за 7.427.187,00 денари во споредба со 2018 година кога изнесувале 26.397.892,00 денари. И во оваа група повеќето од трошоците се речиси на исто ниво како и минатата година. Порастот на оваа група трошоци е како резултат на тоа што во овој квартал од годината бележиме трошоци кои минатата година сме ги немале. Инвестирано е во изработка на информативни табли 2.512.657,00 денари, понатаму за бележење 1.911.644,00 денари. Зголемениот приход од зонско паркирање продуцира и поголеми трошоци за администрирање на системот за зонско паркирање каде трошокот бележи пораст за 1.350.497,00 денари , за закуп зголемени се трошоците за 577.846,00 денари. Трошокот за времени вработувања е зголемен за 1.440.359,00 денари.
Преку Агенција за времени вработувања ангажирани се 27 (дваесетиседум) вработени.

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

Трошокот за плати изнесува 85.135.861,00 ден. и е поголем во споредба со минатата година за 8.354.597,00 денари како резултат на зголемен број на вработени во 2019 година. Заклучно месец Септември бројот на вработени во јавното претпријстие изнесува 250 лица. Бројот на вработени во истиот период минатата година изнесувал 235 лица. Трошокот за плати варира и како резултат на флуктуации на вработените по основ на користење неплатени отсуства заради што трошокот на плата соодветно се менува.
Во трошокот за плати се вклучени и надоместоците на вработените по основ јубилејна нагарада за 10 години непрекинат стаж во претпријатието. Такво право оствариле 7 (седум) вработени за што исплатени се 23.331,00 денари со вклучен данок на доход. Исплатени се две отпремнини за пензија 100.872,00 како и исплатен е надоместок за вработен на боледување непрекинато повеќе од 6 месеци на износ 29.924,00 денари.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 8.198.616,00 денари и е поголем во спредба со минатата година за 618.506,00 денари.

## *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 5.817.842,00 денари. Ако се споредат со минатата година кога изнесувале 6.509.205,00 денари, се забележува намалување на трошоците за 691.363,00 денари. Во групата спаѓаат следните трошоци: дневници и патни трошоци 101.831,00 , надоместоци за вработените-обуки и семинари 34.578,00 денари, надоместоци на органите на управување 1.480.014,00

денари, репрезентација 222.594,00 денари, осигурување 705.019,00 денари, договор на дело, здравствени прегледи на вработени, ревизорски и други интелектуални услуги 613.175,00 денари, банкарски провизии 300.548,00 денари, трошок за ДДВ 1.867.812,00 денари, судски и административни такси 48.669,00 денари, трошоци за огласување и претплата на весници и стручни списанија 100.958,00 денари, трошоци за користење на права односно, набавка на лиценци за работа на компјутери 342.644,00 денари итн.

Ако се споредат трошоците во групата со минатата година забележуваме дека истите се речиси на исто ниво или се незначително повисоки со исклучок на трошокот за донации кој е значително помал во споредба со минатата година. Бележиме помали трошоци и за репрезентација, административни и судски такси како и трошоците за огласување и стручни списанија.

## *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Заклучно 30.09.2019 година претпријатието не бележи трошоци за тужени побарувања.

## *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 34.511,00 денари и истите се однесуваат на одобренија по рекламации 28.079,00 и трошоци на износ 6.432,00 кои произлегуваат од жалби по јавни набавки.

## *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 4.994,00 денари од кој 4.417,00 денари отпаѓаат на казнена камата која се однесува за задоцнето плаќање на сметки за вода, струја, и други обврски претежно заради задоцнето добивање на документите како и 577,00 денари негативни курсни разлики.

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2019 ГОДИНА

| **АКТИВА** | **2019 ГОДИНА** | **2018 ГОДИНА** |
|---|---|---|
| | | |
| *1. ОСНОВНИ СРЕДСТВА* | 60.681.342,00 | 45.245.112,00 |
| кл. 00 | | |
| | | |
| *2. ЗАЛИХИ* | 1.926.747,00 | 1.999.277,00 |
| кл. 3 | | |
| | | |
| *3. ОБРТНИ СРЕДСТВА* | 63.439.973,00 | 54.786.013,00 |
| кл. 1 | | |
| | | |
| *4. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА* | 723.397,00 | 759.244,00 |
| кл. 1 гр. 19 | | |
| ***ВКУПНО АКТИВА:*** | **126.771.459,00** | **102.789.646,00** |

| **ПАСИВА** | **2019 ГОДИНА** | **2018 ГОДИНА** |
|---|---|---|
| | | |
| *1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ* | | |
| Државен јавен капитал | 153.053,00 | 153.053,00 |
| Останат капитал | 0.00 | 0.00 |
| | | |
| 2. Законски резерви | 15,305.00 | 15,305.00 |
| | | |
| *3. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА* од претходни години | 48.759.400,00 | 34.774.602,00 |
| | | |
| *4. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ДОБИВКА* | 21.896.790,00 | 19.322.160,00 |
| | | |
| *5. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ* | 40.679.315,00 | 33.127.490,00 |
| кл.2 | | |
| 6. Одложени плаќања на приходи и расходи | 14.267.596,00 | 15.397.036,00 |
| ***ВКУПНО ПАСИВА:*** | **126.771.459,00** | **102.789.646,00** |

## *ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 30.09.2019 ГОДИНА*

ЈП Градски Паркинг – Скопје заклучно 30.09.2019 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 60.681.342,00 денари вклучувајќи ги и основните средства евидентирани во подготовка кои сеуште не се ставени во функција.

Во текот на деветте месеци од годината претпријатието инвестираше - набави нови средства,опрема во износ од 25.473.361,00 денари. Веќе информиравме дека се набавени 2 (две) модерни електрични рампи за потребите на на Сектор Пајак како и метална врата за потребите на катна гаража „Беко". За потребите на Сектор Пајак набавена е заштитна ограда со што е извршено комплетно оградување на депото, обновен е дел од канцеларискиот мебел, набавени се 19 (деветнаесет) нови скутери за потребите на зонско паркирање , набавен е сообраќаен проект за јавно паркиралиште Водовод и канализација - зона Б-сабзона Б10.

Во третиот квартал реализирана е капитална инвестиција односно набавени се 3 (три) специјални возила, од кои 2 (две) се специјални пајак возила и 1 (едно) товарно возило кипер. Исто така инвестирано е во набавка на противпожарна опрема за потребите на катните гаражи Беко и 26-ти Јули, а за потребите на зонското паркирање набавени се 20 нови ПДА уреди.

### *ЗАЛИХИ*

Вредноста на залихите изнесува 1.926.747,00 денари.

Од нив, 925.113,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно се однесува на следните ставки: „ад блу" течност за потребите на сектор пајак, лед цевки и лед светилки за осветлување, кружни четки за потребите на машините за чистење, канцелариски материјал и обрасци, чип и греб картички, рибони, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење.

Залиха на ситен инвентар 774.990,00 денари се состои претежно од залиха на ППЗ апарати како и друга противпожарна опрема набавена за потребите на двете катни гаражи Беко и 26-ти Јули , блокатори за потребите на зонско паркирање, канцелариски мебел, велосипеди, батерии за мотороли, алат и слично.

ХТЗ опрема Претпријатието има на залиха во вредност од 226.644,00 денари и истата се состои од пантолони, поло маици, одела за дожд, ракавици, флуоросцентни елечиња, јакни, чевли, чизми итн.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 30.09.2019 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 49.140.029,00 денари.

Побарувањата од купувачите изнесуваат 11.350.646,00 денари. Нивна наплата се врши тековно во наредните пресметковни периоди.

Тужени побарувања има на износ 3.018.883,00 денари. Истите, во најголем износ проилегуваат од издадени доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар. Постапата за нивна наплата е во тек.

Евидентирани се и побарувања по основ платени аконтации за данок на добивка на износ 1.205.475,00 денари, додека пак побарувањето по основ влезно ДДВ изнесува 1.363.029,00 денари и за износот на ова побарување ке биде намалена обврската за излезното ДДВ со поднесување на даночната пријава за месец септеври .

Побарувањата од вработените се на износ 185.787,00 денари и во најголем дел се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркинзи и паркомати, надминати телефонски лимити на службени телефони, исплатени надоместоци од плата и придонеси од плата, финансиски кусок од дневен промет , аванс за службени патувања.

Побарувања по основ на штети од осигурителна компанија 151.050,00 денари се однесува на штетен настан кражба на промет кој уредно е пријавен во МВР и осигурителната компанија и која штета во целост ке биде надоместена.

Побарувања од кредитни- дебитни картички на износ 43.957,00 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## *АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 723.397,00 денари кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци од платени такси на нотари и извршители 458.807,00 денари, осигурување 179.473,00 а остатокот отпаѓа на трошоци

за чип картички , претплата за радиофрефенции, софтверски лиценци како и други трошоци за идни периоди на износ 85.117,00 денари.

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

По основ краткорочни обврски, претпријатието севкупно должи 40.679.315,00 денари. Од овој износ, како повисоки, ги издвојуваме: обврски кон добавувачи на износ 14.596.535,00 денари, обврска за ДДВ 3.431.394,00 денари, обврска за комунална такса кон Град Скопје на износ 12.791.224,00 денари, како и обврска за бруто плата на вработените за месец Септември на износ 9.354.348,00 денари. Овие, како и останатите тековни обврски, претпријатието навремено ги подмирува во наредниот пресметковен период.

## *ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

Износот на оваа категорија е 14.267.596,00 денари.

По основ извршени плаќања за услуга паркирање, а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период, бележиме износ од 1.238.666,00денари. Други одложени приходи по основ претплати имаме на износ 282.696,00 денари.

По основ субвенции и донации од основачот Град Скопје доделени во опрема и пари, наменски, за набавка на опрема, белжиме одложени приходи на износ 12.317.536,00 денари од кои 11.000.000,00 денари се парични субвенции добиени од основачот Град Скопје искористени при набавка на две специјални пајак возила во текот на месец јули оваа година .

Износот од 428.698,00 денари се однесува на пресметани а неплатени услуги во нареден пресметковен период .Се работи за обврски за закуп по основ договорот за стопанисување со паркингот 8-ми Септември .

Ќе потсетиме и во овој извештај дека јавното претпријатие во текот на месец мај изврши враќање на наменските субвенции на износ од 10.000.000,00 денари на основачот Град Скопје за проектот Изнајми велосипед а за кој и во претходните извештаи образложивме дека не е реализиран.

# ЗАКЛУЧОК

Во првите девет месеци од годината претпријатието оствари позитивен финансиски резултат - добивка на износ од 22.896.790,00 денари.

Од претходно изнесените финансиски показатели се забележува домаќинско работење во претпријатието: навремено се исплатуваат обврските кон добавувачите и даночните обврски, навремена исплата на обврските кон вработените за плати и придонеси како и друг вид обврски настојувајќи да не се наруши нивото на ликвидност.

Врз големината на добивката влијае државната поддршка во форма на субвенции за потешкотии во работењето кое препријатието ги доби од својот основач на износ од 15.000.000,00 денари.

Јавното претпријатие, како што веќе напоменавме, субвенциите ги искористи за плаќање на обврската за комунална такса за период 01.01.2018-31.12.2018 година на износ 14.942.621,00 денари.

Очекуваме претпријатието и понатаму односно до крајот на годината искаже позитивни резултати во работењето.

*ИЗРАБОТИЛ:*
Катерина Палитова

ЈП Градски Паркинг- Скопје
Директор,
М- р. Борче Јакимовски